таните кои се опишани директен учесник бил и самиот Јордан Цеков-Дане, како близок соработник и другар на Пешев, кој изнесува и свои видувања и доживувања на настаните што на самото дело му дава и автобиографски белег.

Она што авторот си го поставил како цел со оваа публикација е да укаже и покаже дека Народноослободителната борба на македонскиот народ, како впрочем и на секој друг народ, има свои светли страници и победи, но и кобни и темни страници. Темната, нехумана страна на борбата е осведочена преку животниот и револуционерен пат на Панче Пешев низ судирот со повисоките партиски инстанци, постојаната присмотра и сомневање во него и неправедното исклучување од Партијата. Од политиката на дисквалификација и уништување на истакнати партиски кадри, меѓусебна нетрпеливост, соперништво, ривалитет и кариеризам не беше имуна ниту КПМ. Како пример на непринципиелност и злонамерност, при донесувањето на одредени партиски одлуки, авторот ги посочува случаите на Кочо Рацин и Панче Пешев и нивното исклучување од КПМ. Во случајот со Панче Пешев авторот ги посочува и личностите од повисоката партиска хиерархија кои ја носат моралната и политичка одговорност за таквиот развој на настаните.

Како негов помлад соработник, чувствувајки дека неправдата која му била нанесена на Панче Пешев треба да биде исправена, Јордан Цеков во 1986 година покренува иницијатива за постхумна рехабилитација на Панче Пешев. Но, за жал и оваа иницијатива не можела да ги помине сопките на партиската бирократија и останала без резултат.Единствениот и најдобар начин на кој можел да му се оддолжи на својот соборец и другар е објавувањето на оваа публикација, со што и пошироката македонска јавност може да се запознае со овие нови и досега непознати моменти од животот и дејноста на Панче Пешев.

Трудовите на Јордан Цеков-Дане, наменети за научната и пред сè пошироката јавност, претставуваат нов значаен прилог во македонската историографија. Публикациите ја надополнуваат литературата за Куманово и Кумановско во еден од најсудбоносните периоди од поновата македонска историја, ослободувањето и конституирањето на македонската држава.

Гордана Плетварска

## Петар Шанданов СПОМЕНИ, Предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, „Матица Македонска и Државен архив на Република Македонија“, Скопје 2002, 310.

Публикацијата што ја претставуваме пред читателската публика спаѓа во историската мемоарска литература. Таа ги содржи оставените писмени спомени на Петар Шанданов во два дела, едниот пишуван во истражниот затвор во Софија во почетокот на 50-тите години на XX век, вториот во 1964 година и три други материјали-сведоштва дадени пред истражните и судските органи во Софија во 1936, 1946 и 1950 година. Во публикацијата се поместени уште три лични документи со фотографии на Петар

Шанданов и две фотографии од времето на неговата револуционерна активност меѓу двете светски војни. Овие драгоцени материјали станаа достапни на научната и пошироката јавност благодарение на издавачката дејност на Државниот архив на Република Македонија и посебно на сестраното ангажирање на неговиот директор проф. д-р Зоран Тодоровски. Овие писмени материјали од архивите во Софија и од семејството на Петар Шанданов, научно-стручно ги среди и подготви за објавување д-р Зоран Тодоровски. Тој е автор и на Предговорот кон Спомените во кој на 15 страници дава осврт на дејноста, местото и улогата на Петар Шанданов во македонското националноослободително движење и оценка на спомените и другите материјали поместени во книгава како извор за историјата на македонскиот народ во првата половина на XX век. Според д-р Тодоровски „Шанданов ни се открива не само како борец од првите борбени редови на ВМРО, туку и како лидер, идеолог, политичар, дипломат, општественик, активист, апаратчик и пратеник (на АСНОМ). Во својот политички и идеолошки развоен пат тој од македонски централист, автономист и федералист ќе се доближи до комунизмот, но, пред сè како граѓански ориентирана личност... Петар Шанданов е од ретките македонски револуционери, кој умеел да ги осознае новонастанатите политички состојби во Македонија, да ги проширува своите политички погледи, да прифаќа и други идеи и политички платформи во интерес на правилното решавање на македонското прашање.“

Животната врвица на Петар Шанданов започнува во 1895 година во Охрид, во времето кога Македонската револуционерна организација ги правеше првите чекори во организирањето на македонскиот народ за отфрлање на османлиската власт и за извојување на политичка автономија на Македонија, а завршува во Софија во 1971 година. Детството и младешките години ги минува во својот роден град Охрид и во Битола како ученик во битолската гимназија, во годините на бурните настани на Илинденското востание и превирањата во МРО по востанието, како и во годините по Младотурскиот преврат. Понесен од желбата да го даде својот придонес во ослободителното дело на Македонија, непосредно пред почетокот на Првата балканска војна во летото 1912 година влегува како четник во една од четите на ВМРО во чиј ЦК беа Тодор Александров, Христо Чернопеев и неговиот сограѓанин Петар Чаулев. Од тогаш почнува неговото речиси 40-годишно учество во македонското националноослободително и револуционерно движење, колку што трае и неговата сестрана револуционерна и националнополитичка дејност.

Шанданов во текот на Балканските и Првата светска војна се наоѓа во четите на ВМРО и во 11. македонска дивизија на Македонскиот (Солунскиот) фронт, со надеж дека со тоа ќе придонесе за слободата на својата татковина. По Првата светска војна повторно влегува во редовите на ВМРО автономистичка убеден дека таа со својот кадровски и четнички потенцијал, како оружена сила ќе може да биде одлучувачки фактор за продолжување на ослободителната борба во Македонија. Шанданов станува еден од нејзините раководни кадри и еден од оние четници и војводи кои

илегално престојуваат во западниот дел на Македонија под српска власт.

Но, како што одминуваа настаните особено оние по убиството на Т. Александаров во крајот на август 1924 година и спроведувањето на личниот режим на Иван Михајлов во ВМРО, кај Шанданов сѐ повеќе се зацврстува убедувањето дека треба терористичките методи и македонските братоубиства во кои била вовлечена ВМРО на чело со Иван Михајлов да се заменат со алтернативни патишта за продолжување на борбата за остварување на целите на македонското ослободително движење. Така Шанданов станува најголем противник на наметнувањето на авторитарниот личен режим на Иван Михаљов во ВМРО, на неговата нетолерантност кон Македонците со различни идеи и мислења, на зачестените убиства по наредба на Михајлов. Петар Шанданов застанува во раководството на ВМРО Протогеровистичка, која одговара одлучно на заканите на Михајловистичката ВМРО, бара соработка со други македонски организации, преговара со националноослободителната левоориентирана ВМРО (обединета) за помирување и формирање на заеднички македонски ослободителен фронт, контактира со бугарските политички сили во опозиција меѓу нив и со Бугарската комунистичка партија, со претставници на Коминтерна и СССР, но и со из-вестителни служби и политички фактори во Југославија и Албанија. Шанданов се појавува како македонски револуционер, патриот-антифашист но и како бугарски граѓанин-антифашист во годините пред почетокот на Втората светска војна и особено по усвојувањето на програмата на Отечествениот фронт во Бугарија во летото 1942 година.

Шанданов припаѓа на антифашистичките сили во македонското ослободително движење и сред македонската емиграција во Бугарија, прави обид да се приклучи на народноослободителното движење на Македонија во Охридско во 1943 година, станува не само поддржувач, туку и двигател на новите тенденции за зближување на Авнојска Југославија и Отечественофронтовска Бугарија и за создавање на јужнословенска федерација со обединета Македонија во неа, помага во организирањето на бригадата „Гоце Делчев“ во Софија која се подготвува да учествува заедно со НОВ на Македонија во конечното ослободување на Македонија, избран е за член на Президиумот на АСНОМ по Второто заседание, учествува во организирањето на македонската емиграција во Бугарија за поддршка на Демократска федерална Македонија сѐ до донесувањето на Резолуцијата на Информбирото во 1948 година. Поради својата дејност повеќе пати бил затваран и интерниран во логори во Бугарија пред, во текот, и по Втората светска војна.

Шанданов се вбројува во оние македонски емигрантски и политички сили кои настојуваа да го одбранат националниот карактер на македонската револуционерна борба и правото на македонската нација на самоопределување, особено од средината на триесеттите години на XX век, па сѐ до конституирањето на македонската држава во рамките на Федеративна Југославија, со безусловната подршка на Федеративна Народна Република Македонија, во спремноста да помогне во изградбата на новата власт. Сепак, партиските и држав-

ните власти во НРМ опседнати од грижата за зачувување на своите позиции во Југословенската федерација, не беа многу расположени да ги прифатат безрезервно овие македонски кадри од македонската емиграција во Бугарија кои имаа големо искуство, желба и волја да помогнат сестрано и искрено во изградбата на македонската федерална држава во рамките на југословенската федерација.

Мноштвото фактографски податоци, бројните личности и настани во Спомените, зборуваат сами по себе за една личност, која сестрано се предала на македонското ослободително движење, ставајќи ги на втор план личните и семејните должности и преокупации.

Секој читател, а посебно историчар, кој ќе сака објективно да ја оцени улогата на Шанданов во македонското ослободително движење изнесени во Спомените, ќе дојде до објективен заклучок, дека Шанданов го направил најдоброто за својата татковина во зависност од тогашните објективни услови во кои дејствувал и во зависност од распоредот на револуционерните и политичките сили во поделена Македонија, во Балканските земји и во Европа.

Шанданов успеал да си обезбеди место во првите редови на македонското ослободително движење и на македонските емигрантски сили во Бугарија во еден од најбурните периоди за македонското ослободително движење, периодот меѓу двете светски војни, Втората светска војна и првите повоени години.

Со тоа се вградил во историското минато на својот град, на својата татковина Македонија и во историјата на соседните балкански држави.

На страниците на Спомените читателот ќе најде огромен фактографски материјал за настаните, личностите, националните, политичките и револуционерните организации и групи, политички партии и други асоцијации во Македонија и во балканските држави од првата деценија до педесеттите години на XX век.

Проф. д-р Даринка Петреска